ЗАПИСНИК
од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 04.04.2022 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата: Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Аџдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Присутни од Стручната служба: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

Други присутни: Виктор Гаврилов и Столе Наумов од РА Канал 77.

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.03.2022 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-141 од 18.03.2019 година.
3. Информација во врска со Барањето од РА Канал 77, со предлог заклучок.
4. Разно.

Точка 1

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-141 од 18.03.2019 година. Објасни дека на наведениот радиодифузер издадена му е фактура за годишниот

надоместок за дозволата за телевизиско емитување во висина од 1.062.997,00 денари, износ кој е намален за 50% согласно одлуката на Советот за доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2022 година. Во законски утврдениот рок медиумот не ја изврши уплатата и во таа насока се предлага до Советот да се започне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски објасни дека станува збор за национален радиодифузер кој претходно програмата ја емитуваше преку сателит а сега преку кабел. Согласно искуството од претходните години овој радиодифузер секогаш фактурата ја плаќал последниот ден од законски утврдениот рок, но сепак според Закон Советот е должен да поведе постапка.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-141 од 18.03.2019 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1473/1 од 31.03.2022 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2022-100-0101 од 25.02.2022 година, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, имало обврска да плати 1.062.997,00 (еден милион шеесет и две илјади деветстотини деведесет и седум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 25.02.2022 година заклучно со 24.02.2023 година. Заклучно со 30.03.2022 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, не извршило уплата во износ од 1.062.997,00 (еден милион шеесет и две илјади деветстотини деведесет и седум) денари.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече радиодифузерот да се информира за точните рокови до кога најдоцна треба да ја плати фактурата за да не се дојде во ситуација да му се одземе дозволата.

Точка 3

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со Барањето од РА Канал 77, со предлог заклучок. Објасни дека во вториот пасус од предложената информација е направена техничка грешка односно наместо став 5 треба да стои став 6 додека содржината во останатиот текст е во ред. Потсети дека сите членови на Советот добија допис од РА Канал 77 со барање да се измени еден дел од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, поточно во делот каде што се дефинирани кадровските услови што треба да ги исполнат радиодифузерите за да можат да ја вршат дејноста откако ќе добијат дозвола. Овој подзаконски акт е донесен 2014 година на кој претходеше и јавна расправа. Во текот на јавната расправа радиодифузерот Канал 77 не достави ниту една забелешка во врска со овој подзаконски акт, односно на членот

од Правилникот за кој сега се бара измена. Во 2015 година повторно имаше измена на Правилникот со јавна расправа во траење од 30 дена и исто така и во овој период од страна на РА Канал 77 не се доставени никакви забелешки. Согласно Законот една од основните надлежности на Агенцијата е да се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, да охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Агенцијата и Советот треба да се грижат да се создадат услови во кои што медиумите ќе можат слободно да работат. Ваков подзаконски акт во кој што се дефинираат правилата за бројот на вработени кај радиодифузерите е доста редок случај во Европа и кај нас се строги правилата и доколку би се прифатиле забелешките би довело до згаснување посебно на локалните и регионалните радија и телевизии. Со намалените критериуми кои се дел од измените на Правилникот од 2015 година би довело до нивно затворање. Со оглед на фактот дека на веб страницата на Уставниот суд е видно дека на 25.03.2022 година подносителот на барањето до Агенцијата РА Канал 77 истовремено поднел иницијатива за утврдување на уставноста и законитоста на овој подзаконски акт односно на членовите кои се однесуваат на кадровските услови, негов предлог е да се почека одлуката на Уставниот суд со оглед на тоа дека одлуката на Уставниот суд е облигаторна и таа мора да ја спроведе Агенцијата, и по донесување на одлуката од Уставен суд да се пристапи кон спроведување со две опции, или би дошло до промена на подзаконскиот акт или Правилникот ќе остане таков како што е дефиниран во овој момент.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија и наведе дека Барањето од радиодифузерот го имаат добиено и во материјалите по точката, го имаат добиено и предлогот од директорот, го знаат и ЗААВМУ каде што во член 62 е наведено е дека обврска на АВМУ е да донесе ваков подзаконски акт без да бидат наведени други детали односно не е прецизно објаснето.

Г-дин Фиданоски рече дека е точно она што беше кажано во образложението на г-дин Трајчевски, дека секој член на Советот доби поединечно допис во вид на писмо од радиодифузерот во кое што условно речено се третира оваа материја за која што дискутираат сега. Меѓутоа до добивањето на материјалот за седница практично немал информација и не било наведено во писмото што го добиле дека радиодифузерот во исто време поднел иницијатива до Уставниот суд за преиспитување на уставноста и законитоста на овој подзаконски акт што го носи Советот на Агенцијата. Се согласува со искажаната констатација и таква поддршка ќе даде дека во услови кога Уставниот суд е врховен репер дали овој акт е во согласност со уставот или не, би ја почекале одлуката на Уставниот суд и во зависност од неа Советот ќе постапи.

Г-дин Петрушевски рече дека и тој се согласува дека разумно е да се почека одлуката на Уставниот суд, да не носи сам Советот мислење дали е прекршен Уставот или не, затоа што тоа не е нејзина надлежност и во согласност со одлуката Советот и Агенцијата ќе постапат. Тоа е неговиот став и го поддржува предлогот да се почека и се надева дека оваа иницијатива брзо ќе стане точка на Дневен ред односно Уставниот суд ќе одлучи за месец-два.

Советот на Агенцијата едногласно донесе заклучок сите активности во врска со постапувањето по Барањето на ТРД Канал 77 од Штип бр.03-1199/1 од 24.03.2022 година, за евентуални измени на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско

емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), да ги одложи до донесување на одлука на Уставниот суд на РС Македонија во врска со поведената Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на овој подзаконски акт.

Точка 4

Разно

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-1524/4

15.04. **2022 година**
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ